ОКТА АД - Скопје
ул. 1 бр.25 Миладиновци, п.фах 66, 1000 Скопје
Тел: +389 (0) 2 2532 000 Факс: +389 (0) 2 2577 788

ОКТА AD - Skopje
1 Str. 25 Miladinovci, P.O. Box 66, 1000 Skopje
Tel: +389 (0) 2 2532 000 Fax: +389 (0) 2 2577 788

www.okta-elpe.com

Тел. +389 2/ 2532 241
e-mail: tveljanovski@helpe.gr

**БАРАЊЕ ПОНУДА Бр. 1075/21**
Дата: **11/08/2021**
Купувач: Т.Вељановски
Рок на доставување: **23/08/2021**

**До:**
e-mail:
Број на страни: 3+1

[X] ПОНУДА

[ ] БУЏЕТСКА ПОНУДА

Почитувани,

Ве молиме да ни ја доставите Вашата најдобра понуда за изведување на Пескарење и бојадисување на Резервоар 020-3 во кругот на ОКТА, согласно спецификацијата која ќе Ви биде доставена по Вашата потврда за учество во тендерот.

**Напомена:**
- Сите заинтересирани компании кои сакаат да учествуваат на тендерот потребно е да го потврдат учеството на e-mail адресите: adimitrievski@helpe.gr и tveljanovski@helpe.gr најдоцна до 17.08.2021 год.

**При евалуација на понудите ќе се земаат во предвид само понудите на компаниите кои го потврдиле учеството на тендерот.**

*Пред доставување на понудите, задолжително е понудувачите да направат увид на резервоарот. Денови предвидени за увид,* ***од понеделник до петок*** *од 09:00 – 15:00 h.*
***Доколку понудувачите немаат направено увид на лице место нивните Понуди при евалуацијата нема да се земаат во предвид.***

Лица за контакт во ОКТА:

- Ананиев Виктор моб.тел.075-343-471
- Петрушевски Игор моб.тел.070-396-398

**Со најповолниот Понудувач ќе се направи Договор за реализирање на бараната услуга.**

## 1 ПОДГОТОВКА И СОДРЖИНА НА ПОНУДАТА, ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДА

Заинтересираните понудувачи Понудата потребно е да ја достават во надворешен затворен коверт со назнака:

**"НЕ ОТВАРАЈ ! БАРАЊЕ ПОНУДА бр. 1075/21"**
(Наведено во горниот лев агол на ковертот)

Во надворешниот коверт треба да бидат ставени два затворени коверти и тоа:

- Првиот коверт кој ќе ја содржи Техничката документација, треба да биде означен со ознаката **" ТЕХНИЧКА ПОНУДА "** и називот на понудувачот;
- Вториот коверт кој ќе ја содржи Финансиската понуда, треба да биде означен со ознаката **"ФИНАНСИСКА ПОНУДА"** и називот на понудувачот.

**1.1** Во ковертот кој ќе ја содржи **ТЕХНИЧКАТА ПОНУДА** потребно е да се достават:

I. Сертификат за квалитет на материјалите кои ќе се употребуваат при реализација на услугата;
II. Упатство за користење на боите кои ќе се употребуваат при реализација на услугата, издадено од производителот;
III. Гарантен рок на изведените работи минимум 5 години;
IV. Време на завршување на работите;
V. Референтна листа на претходно изведени работи од овој тип или слични работи.

**Сите горенаведени документи треба да се потпишани од одговорното лице и заверени со печат на Понудувачот.**

ОКТА го задржува правото да ја одбие техничката понуда и да не ја отвори финансиската понуда доколку сите документи наведени во точка 1.1 не се доставени во рокот за доставување понуди или во дополнително продолжениот рок. Во ваков случај, финансиската понуда нема да биде отворена и ќе му биде вратена на Понудувачот.

**1.2 Во ковертот кој ќе ја содржи ФИНАНСИСКАТА ПОНУДА потребно е да се достават:**

- Понудувачите треба да доставaт единечни цени за активностите наведени во Спецификацијата која е дел од целокупната тендерска документација, која ќе ви биде доставена по Ваша потврда за учество на тендерот.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

- Цената на понудата да биде изразена во МКД без ДДВ (Понуди во друга валута нема да се разгледуваат).
- Нашите услови на плаќање се „ 40 дена од датумот на фактурата", ако е поинаку да се наведе во Вашата понуда. Давателот на услуги е согласен и прифаќа да не пресметува законска казнена камата доколку, според планот (интерните процедури) на плаќање на корисникот на услуги, плаќањето биде извршено по датумот на доспевање на фактурата, но не повеќе од пет (5) работни денови по тој датум.
- Понудувачот прифаќа дека ОКТА има право да избере дел од понудата, во случај на повеќе позиции, да го избере најуспешиот понудувач, кој не мора да биде со најниска понуда, да ги отфрли понудите кои ги смета како незадоволувачки, да го отповика или поништи тендерот.

- Понудувач прифаќа дека ова Барање понуда не ја обврзува ОКТА на ниту еден начин ОКТА нема да има одговорност или обрска во ниеден случај да ги обесштетува понудувачите за каков било трошок или штета која ќе ја претрпат за подготовка и поднесување на нивната понуда.

**Понудата да се достави во затворен коверт, со назнака**
**"НЕ ОТВАРАЈ ! БАРАЊЕ ПОНУДА бр. 1075/21.**
**Понудата да биде во архивата на ОКТА пред или на 23/08/2021.**

Понудата може да се достави лично во архивата на ОКТА или по пошта на адреса:
ОКТА АД - Скопје
Ул.1 бр.25, н.м. Миладиновци, Општина Илинден
П.Ф. 66, 1000 Скопје

**Понудите кои не се доставени во согласност со горенаведните услови нема да се разгледуваат.**

Поздрав,
Тони Вељановски

Менаџер на набавки
Александар Димитриевски